# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Агенцијата за електронски комуникации **поттикнува конкуренција** во обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи, услуги и придружни средства **и придонесува за развојот на единствениот вропски пазар**, промовирајќи ги **интересите на крајните корисници** и применувајќи ги регулаторните начела на објективност, транспарентност, недискриманиција и пропорционалност.

Агенцијата за електронски комуникации ги **штити интересите на крајните корисници**, преку обезбедување на **електронски комуникациски услуги со висок квалитет, сигурност и достапност, по пазарно оправдани и конкурентни цени.**

Агенцијата за електронски комуникации се стреми кон **зголемување на задоволството на корисниците** преку **воспоставување на брз, ефикасен, транспарентен и кориснички ориентиран систем, со поедноставени постапки за остварување на нивните права.**

Агенцијата за електронски комуникации се стреми кон **континуирано унапредување на развојот на комуникациските технологии**, вклучително и широкопојасни (broadband) мрежи и 5G, како и постојано **следење и примена на европските и светските трендови во доменот на електронските комуникации.**

Агенцијата за електронски комуникации **управува со радиофреквенцискиот спектар** при што се **обезбедува негово ефикасно и непречено користење**.

Агенцијата за електронски комуникации развива **партнерски односи со операторите и другите засегнати страни**, во насока на транспарентно и ефикасно **регулирање на пазарот на електронски комуникации.**

Агенцијата за електронски комуникации се стреми кон развивање и имплементација на **системски и процесен пристап во работењето**, базиран на управување со ризици, со цел обезбедување на **висококвалитетни електронски комуникациски услуги.**

Агенцијата за електронски комуникации спроведува **идентификација, планирање, спроведување, следење и контрола, како и континуирано подобрување на сите процеси** кои имаат влијание врз квалитетот на услугите.

Агенцијата за електронски комуникации се стреми да одржува **тим од висококвалификуван, стручен и мотивиран персонал.**

Агенцијата за електронски комуникации, обезбедува **надзор, координација и одговор на безбедносни инциденти**, како и **идентификација на ризици и закани кај суштинските, важните и субјектите од критичната инфраструктура во државата**.

Агенцијата за електронски комуникации е посветена на исполнување на применливите барања **на меѓународните стандарди ISO 9001:2015, ISO 45001:2018 и ISO 14001:2015 и** на **континуирано подобрување на интегрираниот систем за менаџмент**, со цел обезбедување квалитетни услуги, заштита на здравјето и безбедноста на вработените и минимизирање на влијанието врз животната средина.

Политиката за квалитет е соодветна на целта и контекстот на Агенцијата за електронски комуникации и овозможува рамка за поставување на цели за квалитет.

Наш број 0201-46/11
Скопје 27-07-2026

Директор
Nusret HALITI